Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.199/2014, бр.44/2015), член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 точка 8 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **31.10.2016** година ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**

За изработка на урбанистички планови
во општина Василево за 2017 година

1. В О В Е Д

Годишната програма за изработка на урбанистички планови на општина Василево за 2017 година претставува основа за изработка и донесување на Урбанистички ппланови за населените места во општината, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е дел од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

2. Планирани активности

Ф1. Урбанистичко планирање 1.550.000 денари

1.Во текот на 2017 година во општина Василево ќе се изработат следните урбанистички планови:

1.1 Урбанистички план за населено место Василево…..... 450.000 денари
1.2 Урбанистички план за населени места Градашорци – Ангелци и Владиевци ................400.000 денари
1.3 Урбанистички план вон населено место Добрашинци кај брана Турија.........................200.000 денари
1.4 Урбанистички план за населено место с.Пиперево 400.000 денари
1.5 Изработка на локална урабнистичко планска документација за дел од КП бр.405 КО Нова Маала 100.000 денари
1.6 Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Градашорци, КО Градашорци
1.7 Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производно, дистрибутивно-откупен центар за откуп,примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП 386, м.в Гладно Поле КО Градошорци
1.8 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1359 КО Градошорци
1.9 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр. 1347 и КП бр.1204/1
1.10Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1123, КП бр.1854, КП бр.1859 и КП бр.1855 КО Владевци ВОН Г.Р.
1.11 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1629/2, КП бр.1691, КП бр.1709/2 КО Градошорци ВОН Г.Р.
1.12Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.2/1 КО Доброшинци ВОН Г.Р.
1.13Изработка на локална урабнистичко планска документација за дел од КП бр.965 м.в Бозгалек во КО Нова Маала
1.14Изработка на Детален Урбанистички план за КП бр.2382 КО Василево
1.15Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1671/1 и КП бр.1695 КО Василево ВОН Г.Р.

3.Финансирање

Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2: 1.3; 1.4; 1.5 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.Средствата за активностите предвидени во точка 1.6 1.7: 1.8 1.9, 1.10, 1.11, 1.12, 1.13, 1.14 и 1.15 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2017 година и истите ќе се обезбедат од физички лица.

4.Завршни одредби

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Начинот и динамиката на реализација на оваа Програма ќе зависи од приливот на финансиските средства.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Василево“.

Бр.09-1983/1
01.11..2016г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Драги Митев с.р.